# РАНКО СТРУМЕНИКОВСКИ
## (1936 - 2000)



**РАНКО СТРУМЕНИКОВСКИ (1936-2000)**

Ранко Струмениковски е творечка личност со маркантно место во македонската ликовна уметност. Тој во неговите дела остави исклучителен и неповторлив творечки печат кој опстојува во својата ликовна осаменост и нема идеални следбеници.

Неговото творештво претставува сеопфатна целина од повеќе ликовни дисциплини: графика, слика, цртеж, амблем, заштитен знак, лого..., а основна цел наоѓа во естетското, возвишеното, она што облагородува, што влече напред.

Светот на Ранко Струмениковски е свет на лирски доживувања на природата, свет на сензибилност, убавина, разнежнета и распеана емотивност која повикува на оддалечување од реалноста и влез во загадочниот свет на уметноста. А во него царува специфично препознатливиот ликовен ракопис на авторот независно во која ликовна техника ги изразил своите чувства.

Графичките транскрипции се секогаш поврзани или со реминисценции од поведрата страна на минатото или со филозофска воздишка на откинатиот дел од природниот хоризонт. Рамниот печат (сито техниката) му овозможил графичките креации да ги доближи до сликарските и да создаде симбиоза на ликовни елементи. Композицијата е препознатлива со централно фокусирање на основниот сегмент, а линијата добива апстрактна содржина со преминување во широки површини. Црно-белите партии или монохромната дводимензионалност од графиките, во сликарските експонати добиваат посебна нежност со колористички обликувања кои се движат во вид на продори по целокупната површина или како колористички кратки зафати на четката со цел да се оформи композицијата. Хармонијата во колоритот има примарно значење и ја одредува смирената нота на сензибилитетот, додека пак во графиките доминира динамиката на линиските процеси. Линијата во цртежот (кој може да е експресивен, имагинарен и асоцијативен) е робусна, цврста и сигурна, иако во некои дела е свесно апстрахирана како би се постигнале бараните форми.

Иако творештвото на Струмениковски се следи низ повеќе фази, основата на неговите стилско-ликовни определби се движи од лирска, (со извесни елементи на геометриска) апстракција, до експресивно-драматични обликувања на поедини фигуративни облици.
Во светот на имагинарното, асоцијативното и трансцеденталното, уметноста на Струмениковски добива димензии на универзалност и трајност.

Лиљана Христова


5/2
НЕОСВОЕНА
ТВРДИНА






5/2
НЕОСВОЕНА
ТВРДИНА







**РАНКО СТРУМЕНИКОВСКИ (1936 - 2000)**



Роден е во Преспа 1938 год. Завршил Средно уметничко училиште во Скопје, во класата на најдобрите македонски ликовни мајстори: Личеноски, Белогаски... Академија за применета уметност завршил во Белград 1963 год. Член на ДЛУМ, ДЛУПУМ, ДЛУК, ДЛУБ и ДНУ Битола.

**Самостојни изложби:**
1964 - Титоград, Дом на ЈНА
1966 - Ресен, Дом на културата
1970 - Битола, Безистен
1973 - Куманово, Безистен,
1983 - Битола, Уметничка галерија,
1985 - Битола, ДНУ Битола
1986 - Ресен, Дом на културата
1987 - Битола, Уметничка галерија,
1988 - Битола, Салон на ДЛУБ
1989 - Битола, Уметничка галерија,
1991 - Битола, ДНУ Битола
1993 - Битола, Салон на ДЛУБ
1995 - Скопје, Ликовен салон на ДЛУМ
1996 - Куманово, Дом на културата
1996 - Прилеп, Дом на културата ,, М. Цепенков,,
1996 - Штип, Дом на културата,
1996 - Битола, Универзитет ,,Св.Климент Охридски,,
1996 - Битола, Ликовен салон на ДЛУБ
1996 - Битола, Уметничка галерија
1996 - Банско (Р.Бугарија), Дом на искуствата - Музеј ,,Никола Вапцаров,,
1996 - Благоевград (Р.Бугарија), Обрзцово Народно Читалиште, Н.Ј.Вапцаров
1996 - Крањ (Р.Словенија), Работнички дом на култура
1996 - Билефелд (СР. Германија), Дом на иселеници
1999 - Битола, Ликовен салон на ДЛУБ
2000 - Битола, Галерија Трон-Арт (посмртна)
2006 - Битола, НУ Завод и Музеј - Мала сала

**Учество на групни изложби**:
Од 1964 до 2000 год, на сите изложби на ДЛУБ
Од 1970 до 2000, на графичките изложби на ДЛУМ
Од 1975 до 2000, на изложбите на ДЛУМ - Цртеж
1972-Битола, 1. Триенале на современа југословенска графика;
1973-Краљево, Изложба ,,Спомен парк,,;
1975-Суботица, Ликовни средби; Битола, 2. Триенале на современа југословенска графика;
1976-Белград, НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија;
1978-Битола, 3. Триенале на современа југословенска графика;
1981- Битола, 4. Триенале на современа југословенска графика;
1984- Битола, 5. Триенале на современа југословенска графика;
1987- Битола, 6. Триенале на современа југословенска графика;
1990- Битола, , 7. Триенале на современа југословенска графика;

**Награди:**
1964- Титоград, Награда за сликата ,,Војникова есен,,
1969-Битола, Награда за графика
1973-Куманово, Награда за графика
1976-Скопје, Награда за графика ,,Климент Охридски,,
1978-Битола, Откупна награда на 3.Триенале на современа југословенска графика,
1984- Битола, Откупна награда на 5.Триенале на современа југословенска графика;
1986-Битола, Откупна награда на Мајската изложба на ДЛУБ;
1988-Битола, Награда на Ноемвриска изложба на ДЛУБ;
1989-Битола, Мајска награда на ДЛУБ
1996- Битола, Наградата ,,4 Ноември,, на град Битола.

**Уметничка галерија - Битола, 22 декември 2007 г.**

**Организатор: НУ Завод и Музеј - Битола, Директор: Зоран Николовски, Кусос реализатор: Лилјана Христова, Фотографии: Драган Ристевски, Компјутерска обработка: Јове Парговски, Печати: 11 Октомври - Прилеп, Тираж: 300.**

**Изложбата е финансирана со средства од Министерство за Култура на Р. Македонија**



НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ - БИТОЛА